АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 11-09-2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 3937 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 27 август 2017 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 11 септември 2017 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 97 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузер не може да употребува знак за идентификација поинаков од оној утврден во дозволата за вршење на радиодифузна дејност);

   - **Член 97 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерот за секоја промена на знакот за идентификација е должен да достави примерок до Агенцијата)

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 31.07.2017 година, за непочитување на член 97 ставови 4 и 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр.03-338, 31.07.2017 година) на радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 15 дена од денот на приемот на решението (31.07.2017 г.), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот административен надзор врз радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 27 август 2017 година, на регионално ниво, констатирано е дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **во целост постапил по решението**, односно ја отстранил извршената повреда на член 97 ставови 4 и 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

8. Опис на прекршувањето: /

9. Предлог мерка: /

*Сектор за програмски работи*